# Ново срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 122, Дата: 12. 03. 2012.**


## Банка која дава секој ден !

Замисли си банка која секое утро ќе депонира на твојата сметка 86.400 долари (или денари). Замисли си дека, исто така, нема начин да ги заштедиш парите за утре – мора да ги потрошиш денес! Што ќе сториш? Се разбира, ќе го искористиш и последниот денар.



Сите имаме таква банка, ама ние ја викаме ВРЕМЕ. Секое утро, Бог ти дава 86.400 секунди. Секоја вечер ги отпишува како загубени секундите што не си ги исползувал. Не пренесува салдо за другиот ден. Не дава кредит од времето „утре“. Мора да живееш денес и да го искористиш времето максимално.

Сите носиме часовници бидејќи времето ни е важно. Можеби и ти секојдневно се бориш со времето – стануваш доцна, брзаш на работа, брзаш дома, брзаш …

За големо чудо, ако го погледнеш животот на Исус, изгледа дека Тој не брзаше никогаш. Иако ја извршуваше најважната работа на светот (го откупи светот), и, иако знаеше дека има само неколку години да го заврши тоа дело, никогаш не читаме дека брзал да стигне.



Тој наоѓаше време да им се восхитува на птиците во воздухот, да зборува за цвеќињата. Имаше време да ги прегрне децата околу Него. Времето беше Негов пријател.

Најди си време да го прочиташ Псалм 90. Од него ќе научиш како времето да ти стане пријател. Псалмот зборува за реалноста на животот, за проблемите со кои се соочуваме и, се разбира, за времето.Таму читаме:
*„Научи нè дните да си ги броиме, та со мудро срце да се здобиеме“* **(Пс. 90:12)**.

Која е вредноста на една година? Прашај студент кој треба да ја повтори. Која е вредноста на еден месец? Прашај мајка чие дете се родило пред време. Колку вреди еден час? Прашај деловен човек кој пропуштил состанок. Колку вреди една минута? Прашај човек кој имал срцев удар и покрај кого „случајно“ се нашол доктор. Колку вреди една секунда? Прашај човек кој „за влакно“ избегнал судар. Колку вреди една милисекунда? Прашај атлетичар кој не се квалификувал за Олимпијада заради 12 стотинки.



Благодари Му на Бог за времето што ти го дал – вреднувај ја секоја секунда. Некој рекол: „**Вчера** е историја, **утре** е мистерија, **денес** е подарок.“ Еден познат теолог рекол: „Времето е ресурс кој не се обновува и не се пренесува. Не можеш да го складираш, не можеш да го успориш, задржиш, поделиш или подариш. Не можеш да го заштедиш за кога ќе ти затреба – ако го изгубиш, не се враќа. Ако „тепаш време“ не заборавај: за времето нема воскресение!“

**Автор: Мр. Павле Костадинов од Скопје**


**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**